**20192543951**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 5 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 декември 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/19), во насловот и текстот на Програмата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Во делот „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА“, во ставот 3 табелата „Метадон / бупренорфин“ се менува и гласи:

„

| 1. | Метадон / бупренорфин | Количини |
|---|---|---|
| 1.1. | Набавка на метадон за 1500 лица со болести на зависности | 4 250 000 мл. |
| 1.2. | Набавка на бупренорфин за 280 лица со болести на зависности<br>Таблети од 2 мг. – 211 120 мг.<br>Таблети од 8 мг. – 842 240 мг. | 1 053 360 мг. |
| 2. | Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи | |
| 2.1. | Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.2. | Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.3. | Лекување на зависници-судски случаи | |
| 3. | Изготвување на софтверски програм за лицата со болести на зависност кои се на третман во јавните здравствени установи | |
| 4. | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2018 година | |
| | ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: 95.500.000,00 | |

“

Во делот „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ износот „69,000.000,00 денари“, се заменува со износот „85.500.000,00 денари“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9544/1
3 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.